ДО
**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**/ За Претседателот /**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup
Примено / Pranuar: 21. 02. 2025
Орг. Един. / Njësia org.: 08
Број / Numër: 731/3
Прилог / Shtojcë:
Вредност / Vlerë:

**ПРЕДМЕТ**: Известување
**ВРСКА**: Интерпелација бр.08-731/2 од 10.02.2025 година

Почитувани,

Во врска со доставената Интерпелација под горенаведениот број, примена во Судскиот совет на Република Северна Македонија на ден 11.02.2025 година, заведена под бр.03-335/1, која се однесува на мојата работа како член на Судскиот совет на Република Северна Македонија, во овој момент го изразувам моето мислење кое е насочено исклучиво на суштината и значењето на постапката за интерпелација, а тоа е дека ваквиот чекор од страна на носителите на законодавната власт е директен упад во судската власт и атак врз независноста и самостојноста на судската власт.

Воедно, ја разбирам желбата на извршната власт која преку законодавната власт се обидува да целата постапка за интерпелација на носители на јавни функции во судската власт, кое е првиот чекор до конечно разрешување или отстранување на членови на Судскиот совет од Советот, навидум изгледа уставна и законита, но не можам да разберам дали при ваквиот чекор двете власти - извршната и законодавната ги имале во предвид евентуалните штетни последици кои би можеле да настапат од овој преседан, особено во овој сензитивен период за државата.

Независноста и самостојноста на судската власт е една од основните постулати кои гарантираат владеење на правото, а истото е неопходно за секоја правна и демократска држава.

Во секоја правна и демократска држава, Уставот и законите не се толкуваат рестриктивно, ниту пак по потреба, туку истите се применуваат и почитуваат.

Интенцијата на Уставот, имплементирана во член 72 став 1 и став 2, која како одредба е наведена врз основа на која е поднесена интерпелацијата, ниту може да се смета дека се однесува на носители на јавни функции во судската власт, ниту пак е дозволено тоа така да се толкува. Ова од причина што се навлегува во една состојба од која тешко дека во иднина ќе може да се излезе. Имено, ако овој преседан се случи, во иднина наведената одредба од Уставот

ќе може и мора да се толкува идентично и неселективно, па така Собранието на Република Северна Македонија ќе има право да повикува на одговорност и судии на Уставниот суд на Република Северна Македонија со оглед дека и нив ги избира Собранието, а што е секако апсолутно недозволиво, но ќе биде оправдано токму поради овој преседан, според кој не само уставни судии туку Собранието ќе може да повикува на одговорност и судии и јавни обвинители со оглед дека истите се носители на јавни функции според дефиницијата во Уставот.

Интерпелацијата е механизам за остварување на политичка контрола и надзор на Собранието над Владата и над други носители на јавни функции. Ова е наведено во документот кој е објавен на веб страната на Собранието на Република Северна Македонија, изработен од страна на Собранието во рамки на Проектот „Воспоставување и развој на парламентарниот институт“ на Собранието. Доколку пратениците од парламентарното мнозинство сметаат дека со Уставот е дозволена интерпелација на носители на јавни функции во судската власт и истото не претставува политичка контрола на законодавната врз судската власт, биле должни барем да укажат овој јавно објавени текст на веб страната на Собранието на РСМ да се отстрани, во спротивно и самите потврдуваат дека е спротивен на иницираната постапка за интерпелација.

Уставот како највисок правен акт на државата, треба да се применува и толкува на начин што ќе се применуваат и толкуваат секоја одредба поединечно и во склоп на една целина. Важна е интенцијата на Уставот, важна е неговата суштина и цел, а ако не се толкува наменски како што е во конкретниот случај, повеќе од сигурно е дека има јасна поделба на трите власти, од кои судката власт е независна и самостојна и врз истата не е дозволна политичка контрола од страна на Собранието, во спротивно таквата контрола значи упад во судската власт.

Како темелна вредност на уставниот поредок на државата покрај поделба на државната власт на законодавна, извршна и судска е и владеење на правото. Законодавниот дом е тој кој е должен не само да го донесува Уставот туку и да се грижи за негова примена и почитување, особено за почитување на темелните вредности на уставниот поредок.

Видно од содржината на интерпелацијата за која во овој момент нема да дадам детално произнесување, би истакнала само дека истата е дискриминирачка. Во насока на остварување на целта за отстранување на членовите на Советот избрани од редот на Собранието, врз истите е сторена дискриминација наспрема членовите на Советот избрани од редот на судиите. Па го поставувам прашањето, дали Уставот важи подеднакво за сите граѓани и за сите носители на јавни функции?

И на крај, правната доктрина не познава колективна одговорност, туку одговорноста секогаш мора и треба да биде индивидуална. Секој е одговорен за она што го сторил и неговата одговорност мора да биде утврдена во постапка и на начин согласно Уставот, законите и меѓународните догвоори ратификувани во согласност со Уставот, а врз основа на докази изведени во текот на постапката, почитувајќи го принциот на еднаквост на оружјата. Во конкретниот случај и овој принцип е нарушен, па се создава состојба според која во иднина, секако доколку важи за сите носители на јавни функции без оглед дали се од законодавната или извршната власт, да одговараат носители на јавни функции за одлуки донесени од страна на колективен орган. Се поставува прашањето, дали ако мнозинството на пратеници донесе противуставна или противзаконита одлука, во иднина треба да бидат повикани на одговорност и да одговараат и оние пратеници кои не учествувале во донесување на таквата одлука?

**Член на**
**Судски совет на Република Северна Македонија**
**Весна Дамева**